**20241382381**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 28-в од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија” бр. 171/10, 41/14, 148/15, 55/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 171/22 и 19/23), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ОБРАБОТКАТА НА ПОДАТОЦИ ЗА ПАТНИЦИ (PNR И API ПОДАТОЦИ), КАКО И НАЧИНОТ НА РАЗМЕНА И ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИТЕ МЕЃУ ДОМАШНИ И СТРАНСКИ НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на собирање на податоците и резултатите од обработката на податоците за патници (PNR и API податоци), како и начинот на размена и пренос на податоците меѓу домашни и странски надлежни органи.

Член 2

(1) Авиопревозниците кои обезбедуваат услуги на превоз на патници во воздушниот сообраќај на територијата на Република Северна Македонија до Единицата за собирање и обработка на податоци за патници (PNR и API податоци), (во натамошниот текст: Единицата), континуирано доставуваат податоци за патниците кои ќе ги соберат во рамките на своето редовно работење, согласно член 28-а став 2 од Законот за гранична контрола, како и сите хронолошки промени на тие податоци.

(2) Авиопревозниците од ставот (1) на овој член, податоците до Единицата ги доставуваат автоматизирано, и тоа:

а) најдоцна 24 часа пред закажаното време на полетување,

б) веднаш по затворање на летот, односно кога сите патници веќе се влезени во авионот кој се подготвува за полетување и други патници повеќе не може да влезат и

в) на барање на Единицата за секој случај поединечно, доколку постои конкретна и реална закана поврзана со кривични дела тероризам и други тешки кривични дела.

(3) Податоците од ставот (1) на овој член, се доставуваат во стандардизирана форма преку глобалниот или сопствениот систем за резервација, преку посредник провајдер или со директно внесување на податоци преку веб-интерфејсот.

(4) Доколку авиопревозниците достават податоци кои не се однесуваат на податоците од ставот (1) на овој член, Единицата по забележувањето ги брише овие податоци.

Член 3

Добиените податоци од патниците се обработуваат во посебен систем за таа намена во Министерството за внатрешни работи.

Член 4

(1) Размена и пренос на податоците меѓу домашни и странски надлежни органи, се врши по претходно извршена проверка на податоците.

(2) Размена и пренос на податоци за патници во авионскиот сообраќај и резултатите добиени од нивната обработка со домашни надлежни органи, се врши преку електронската пошта на Единицата: nmpiu@moi.gov.mk.

(3) Размената и преносот на податоците од ставот (2) на овој член и резултатите добиени од нивната обработка со странски надлежни органи, се врши преку постојните канали за меѓународна полициска соработка (комуникациска врска SIENA, I24/7) и преку билатерално договорени канали за комуникација согласно меѓународни договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-67003/1
28 јуни 2024 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски**, с.р.